Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:04.01.2023 15:38:52
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzben vesnik na RSM, O=JP Sluzben vesnik na Republika Severna Makedonija, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 2** **4 јануари 2023, среда** **година LXXIX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4. | **Правилник** за висината на износот на додатокот на плата за вршење на специфична воена служба на летачи и друг летачки персонал, воздухопловно-технички персонал, припадници на специјални единици, наставно-научен, наставен и соработнички персонал на воената академија и други посебни специјалности од особено значење за Армијата на Република Северна Македонија, за вршење служба изложена на висок ризик и за вршење трупна служба | 2 |
| 5. | **Одлука** за макропрудентните инструменти за квалитетот на кредитната побарувачка од физичките лица | 6 |
| 6. | **Одлука** за висината на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Северна Македонија и за изложености кон други земји во првото тримесечје од 2024 година | 10 |
| 7. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 11 |
| 8. | **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 15 |
| 9. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 16 |
| 10. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 20 |
| 11. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 23 |
| 12. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 26 |
| 13. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 29 |
| 14. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 33 |
| 15. | **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 36 |
| 16. | **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 38 |
| | **Огласен дел** | 1-40 |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

**4.**

Врз основа на член 158 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 14/20 и 171/22), министерката за одбрана, донесе

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на износот на додатокот на плата за вршење на специфична воена служба на летачи и друг летачки персонал, воздухопловно-технички персонал, припадници на специјални единици, наставно-научен, наставен и соработнички персонал на Воената академија и други посебни специјалности од особено значење за Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата), за вршење служба изложена на висок ризик и за вршење трупна служба.

Член 2

Висината на износот на додатокот на плата на воениот и цивилниот персонал за вршење на специфична воена служба на летачи и друг летачки персонал, воздухопловно-технички персонал, припадници на специјални единици, наставно-научен, наставен и соработнички персонал на Воената академија и други посебни специјалности од особено значење за Армијата, изнесува:

1. За работните места и должностите на штабен персонал во Генералштабот на Армијата и Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството)............................................................100 бодови.

2. За работните места и должностите на штабен персонал во Командата за операции, Командата за обука и доктрини и Логистичката база................70 бодови.

3. За работните места и должностите во военото воздухопловство:

3.1. Летачи-пилоти:

3.1.1. Пилот на борбени и извидувачки хеликоптери, тешки и средни транспортни хеликоптери, лесни школски авиони и хеликоптери, лесни авиони за општа намена и лесни транспортни авиони:

- категорија на стручна и борбена оспособеност................................................................1300 бодови,
- П категорија на стручна и борбена оспособеност................................................................1200 бодови,
- III категорија на стручна и борбена оспособеност................................................................1100 бодови.

3.1.2.Слушател - пилот............................600 бодови.

3.2. Друг летачки персонал:

3.21. Оператор навигатор и техничар - оператор - навигатор:

- категорија на стручна и борбена оспособеност..................................................................650 бодови,
- П категорија на стручна и борбена оспособеност..................................................................590 бодови,
- III категорија на стручна и борбена оспособеност.................................................................. 530 бодови,

3.22. Специјалист летач.........................290 бодови,

3.23. Слушател летач (освен пилот).....140 бодови.

3.3. Воен воздухопловно-технички персонал:

3.3.1. Воено воздухопловен инженер:

а) за контрола на квалитет…....................450 бодови,

б) за техничка подготовка (за одржување во прв и втор степен и опслужување на воздухоплови и снабдување со ВТМС)...............................................400 бодови.

3.3.2. Воено воздухопловен техничар:

а) Воено воздухопловен инструктор за практична настава:

- за одржување во прв и втор степен.......380 бодови,
- за опслужување на воздухоплови и снабдување со ВТМС...............................................................320 бодови.

б) Воено воздухопловен технички контролор:

- за прв и втор степен на одржување.......350 бодови,
- за опслужување на воздухоплови и снабдување со ВТМС...............................................................300 бодови.

в) Воено воздухопловен техничар:

- за прв и втор степен на ..........................300 бодови,
- на опслужување на летањето................250 бодови.

г) Воено воздухопловен помошник техничар:

- за прв и втор степен на одржување..................................................................150 бодови,
- за опслужување на воздухоплови и снабдување со ВТМС...............................................................130 бодови.

3.4. Друг стручен персонал за обезбедување на летањето:

3.4.1. Контролор на летање.................... 250 бодови,

3.4.2. Воздухопловен метеоролог..........200 бодови,

3.4.3. Персонал за противпожарно обезбедување на летањето:

- Пожарникар - инструктор........................70 бодови,
- Пожарникар..............................................50 бодови.

3.5. Специјалист за наведување на воздухоплови (JTAC)..............................................................350 бодови.

4. За падобранец.......................................400 бодови.

5. За работни места и должности од доменот на командување и контрола со воздушниот простор:

5.1. Офицери:

- главен контролор (Master Controller - MC)..................................................................350 бодови,
- менаџер за радарско сметачки средства..................................................................300 бодови,
- менаџер за поврзување и дистрибуција на RAP (Recognized Air Picture)..................................250 бодови.

5.2.Подофицери:

- оператор за продукција на трагови (Track Producing Operator – TPO)...............................200 бодови,- асистент за продукција на трагови (Track Producing Operator Assistant - TPOA)............150 бодови,
- оператор за идентификација (ldentification Operator - IDO)................................................200 бодови,
- асистент на оператор за идентификација (Identification Operator Assistant – IDO/A).....150 бодови,
- оператор за цивилно - воена координација (CIMIC Operator).........................................................150 бодови,
- техничар за радарско сметачки средства..................................................................200 бодови,
- техничар за непрекидни извори за напојување..................................................................150 бодови,
- техничар за поврзување и дистрибуција на RAP..................................................................200 бодови.

5.3.Професионални војници:

- тракер (Tracker).......................................100 бодови,
- помошник техничар за радарско - сметачки средства.................................................................. 100 бодови,

- техничар за непрекидни извори за напојување.................................................................100 бодови,

- помошник техничар за поврзување и дистрибуција на RAP..............................................................100 бодови.

6. За работни места и должности во против-воздушната одбрана:

6.1. Оператор со систем за ПВО.............300 бодови,

6.2. Оператор на радарско-сметачко средство во ПВО.................................................................200 бодови,

6.3.Оператор за контролно-испитно проверувачки систем на ПВО................................................200 бодови.

7. За работни места и должности во баталјонот за специјални сили:

7.1. Командант на баталјонот за специјални сили..................................................................430 бодови,

7.2.Началник на штаб - заменик на командант во баталјонот за специјални сили и вод за сервисна поддршка..............................................................370 бодови,

7.3.Припадници на командата и штабот во баталјонот за специјални сили.................................320 бодови,

7.4. Припадници на чети за специјални сили во баталјонот за специјални сили и вод за борбена поддршка..............................................................410 бодови,

7.5. Нуркач................................................400 бодови,

7.6. Ново примени ПРИПАДНИЦИ во баталјонот за специјални сили..............................................140 бодови.

8. За работни места и должности во извидувачко разузнавачкиот баталјон....................................370 бодови.

9. За работни места и должности во баталјојнот на Воена полиција:

9.1. Командант на бВП, командир на чета во ВП, заменик командир на чета во ВП, командир на вод на ВП, командир на одделение на ГВП, командир на одделение за сузбивање на криминалитетот/истраги на кривични дела и компјутерски криминал во одбраната, командир на вод за техничка заштита и обезбедување, командир на одделение за техничка заштита и командир на одделение за противдиверзиона заштита................150 бодови,

9.2.Началник на штаб во бВП, штаб, останати во командата, останати во командата во чета на ВП, останати во водови и одделенија на ВП, останати во одделение за сузбивање на криминалитетот/истраги на кривични дела и компјутерски криминал во одбраната, извршител и помошник извршител за техничка заштита и извршител и помошник извршител за противдиверзиона заштита.......................................................110 бодови.

10. За работни места и должности во останати извидувачки единици:

10.1. Командир на вод, командир на одделение.....................................................................90 бодови,

10.2. Припадници на одделенија................50 бодови.

11. За работни места и должности на припадници на Армијата во Сектор К-4 во Министерството за одбрана и во секциите ј-6, Г-6, А-6 и С-6 од областа на информатичките технологии, сајбер одбрана и криптозаштита:

11.1. Раководител на Сектор К-4..........400 бодови,

11.2. Помошници на раководителот на Секторот К-4 и началник на Ј-6 во Генералштабот на Армијата..................................................................380 бодови,

11.3. Раководители на одделенија во Секторот К-4, началник на ј-6 во Командата за операции и началници на одделенија во Ј-6 во Генералштабот на Армијата..................................................................350 бодови,

11.4. Началник на С-6 во Логистичката база, началник на Г-6 во Командата за обука и доктрини и началници на одделенија во Ј-6 во Командата за операции..................................................................320 бодови,

11.5. Началник на А-6 во вВИНГ, началник на С-6 во бригада и командант на баталјон за врски....300 бодови,

11.6. Други места и должности во Секторот К-4 во Министерството и во Секциите Ј-6, Г-6, А-6 и С-6 во Армијата.........................................................280 бодови.

11.7. Должности на персонал кој работи со НАТО специјални документи за криптозаштита:

- Офицери за информациска безбедност и криптозаштита (COMSEC officer)............................420 бодови,

- Крипто старател (Crypto Custodian)......370 бодови,

11.8. Должности на персонал за администратори на информатички технологии и безбедност:

- Главен систем администратор во Армијата..................................................................420 бодови,

- Администратор за информатичка безбедност и сајбер одбрана.....................................................380 бодови,

- Администратор на системи и мрежи...............................................................350 бодови,

- Админстратор на функционален сервис...................................................................300 бодови,

- Мрежен администратор и техничка поддршка................................................................250 бодови.

11.9. Должности на персонал кој работи со национални специјални документи за криптозаштита:

- Офицери за криптозаштита.....................390 бодови

- Подофицер/администратор за криптозаштита.................................................................340 бодови,

- Подофицер/професионален војник оператор за криптообработка............................................290 бодови.

11.10. Должности на персонал кој работи во сајбер оперативниот центар (СаОЦ) и воениот центар за компјутерски инциденти (MIL-CIRT):

- Персонал одреден за управување со процеси во СаОЦ или (MILC IRT)..................................360 бодови,

- Персонал одреден за работа во СаОЦ или MIL-CIRT................................................................320 бодови.

11.11. Должности на персонал кој работи во областа на телекомуникациите:

- Администратор на телефонски системи и радио технологии.......................................................250 бодови

12. За должности на стационарни јазли за врски:

- СЈВ Солунска глава...............................100 бодови,

- СЈВ Водно...............................................100 бодови,

- СЈВ Пљачковица....................................100 бодови.

13. За должности во центарот за електронско извидување................................................................90 бодови.

14. За работни места и должности во Сектор-Служба за безбедност и разузнавање во Министерството и во секциите ј-2, Г-2, А-2 и С-2 во Армијата:

14.1 Раководител на Сектор - Служба за воена безбедност и разузнавање..................................250 бодови,

14.2.Помошник на раководителот на Сектор-Служба за воена безбедност и разузнавање, началници на Ј-2 во Генералштабот на Армијата, Ј-2 во Командата за операции.........................................................230 бодови,

14.3.Раководители на одделенија во Сектор-Служба за воена безбедност и разузнавање, началници на одделенија во Ј-2 во Генералштабот на Армијата и Ј-2 во Командата за операции, началници на С-2 во 1. пешадиска бригада, С-2 и Г-2 во Команда за обука и доктрини, логистичка база и А-2 во вВИНГ............................................................220 бодови,

14.4. Началници на секции во А-2 и С-2 на ниво баталјон и офицери за сајбер безбедност во Сектор-Служба за воена безбедност и разузнавање................................................................210 бодови,

14.5. Овластени службени лица во секциите на Ј-2 во Генералштабот на Армијата и Командата за операции, оперативниот центар на Командата за операции и во Одделението за специјални операции во Генералштабот на Армијата и сите останати воени лица во Сектор - Служба за воена безбедност и разузнавање.................................................................200 бодови.

15. За работни места и должности на наставно - научен, наставен и соработнички персонал на Воената академија:

15.1. Воени старешини распоредни како наставно научен, наставен и соработнички персонал во звање:

- редовен професор....................................400 бодови,
- вонреден професор.................................350 бодови,
- доцент......................................................300 бодови,
- виш предавач...........................................250 бодови,
- соработник, предавач, виш лектор........200 бодови,
- лектор......................................................150 бодови.

15.2. Воени старешини распоредени на изборни функции:

- декан.........................................................300 бодови,
- продекан...................................................250 бодови,
- секретар....................................................200 бодови,
- раководител на сектор/катедра/лабораторија....................................................................150 бодови,
- координатор на ЕКТС............................150 бодови.

16. За воен и цивилен персонал на служба во Армијата кој извршува должности или работи како здравствен работник и здравствен соработник:

16.1. Здравствени работници:

- лекар-специјалист...................................400 бодови,
- фармацевт - специјалист.......................300 бодови,
- стоматолог-специјалист.........................300 бодови,
- доктор на медицина................................200 бодови,
- доктор на воздухопловна медицина......200 бодови,
- дипломиран фармацевт..........................200 бодови,
- доктор на стоматологија..........................200 бодови
- медицински техничар.............................150 бодови,
- стоматолошки техничар.........................150 бодови,
- фармацевски техничар...........................150 бодови,
- лабораториски техничар.........................150 бодови,
- РТГ техничар...........................................150 бодови.

16.2. Здравствени соработници:

- психолог-специјалист.............................250 бодови,
- специјалист по санитарна хемија..........250 бодови,
- психолог....................................................200 бодови,
- дефектолог...............................................200 бодови,
- физичар.....................................................200 бодови,
- биохемичар..............................................200 бодови.

16.3 здравсвени работници или здравсвени соработници,упатени на стручно оспособување и усоворшување за потребите за служба (специјализација)

17. За персонал кој извршува должности во единица на Армијата-Лесна пешадиска баталјонска група, наменета за учество во мисии и операции на Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО), операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана и операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност..........................................250 бодови.

18. За работни места и должности во Центарот за одгледување и дресура на кучиња во Армијата:

- командир, главен инструктор и инструктор-дресер....................................................................150 бодови,
- ветеринарен техничар.............................150 бодови,
- водач или одгледувач на службено куче (професионален војник или цивилен персонал, кои не се ветеринарни техничари)............................................120 бодови.

19. За работни места и должности на дипломирани ветеринари во Армијата..................................200 бодови.

20. За работни места и должности на тимови за неексплодирани убојни средства (НУС):

20.1. Припадници на тимови за уништување на НУС.................................................................300 бодови,

20.2. Припадници на тимови ангажирани за пребарување на терен...........................................300 бодови,

20.3. Припадници на тимови ангажирани за делаборација на муниција и минскоексплозивни средства (МиМЕС)..........................................................300 бодови,

20.4. Припадници на тимови за контролно-технички преглед на муниција и минскоексплозивни средства (КТП на МиМЕС)...................................300 бодови.

21. За работни места и должности во инженериски баталјон:

- Пионери, пионер/ракувач на специјални инженериски возила за пронаоѓање на мини/НУС/ИЕН, возачи на оклопно возило за уништување и онеспособување на ИЕН и НУС................................................200 бодови,
- Ракувачи на инженериски машини и возачи на влечен воз за инженериски машини и возачи на моторни возила самоистоварувачи.........................100 бодови.

22. За работни места и должности во гардиска чета и во воениот оркестар....................................100 бодови.

23. За специфичните должности од особено значење за Армијата, на лицата со посебни специјалности од особено значење за ракување и одржување на борбената техника и вооружување, зависно од должноста и условите под кои се врши службата, групата во која се определени специфичните должности и степенот во кој е определена организационата единица на Армијата:

23.1. Група на специфични должности:

- во организациони единици од првстепен.....................................................................200 бодови;
- во организациони единици од втор степен.....................................................................150 бодови;

23.2. Група на специфични должности:

- во организациони единици од прв степен.....................................................................130 бодови;
- во организациони единици од втор степен.....................................................................110 бодови;

23.3. Група на специфични должности:

- во организациони единици од прв степен….................................................................90 бодови;
- во организациони единици од втор степен.......................................................................70 бодови.

Член 3

Висината на посебниот додаток на плата, за вршење на инструкторска должност, наставничка должност или пробни летови, на летачите, изнесува: за инструктор по летање и техничар и техничар летач инструктор - 1096, за наставник по летање и техничар летач наставник - 20%, а за летачи и друг летачки персонал за вршење пробни летови - 10% од бодовите определени за категоријата на стручна и борбена оспособеност на летачот и видот на воздухопловот на кој се врши инструкторската или наставничката должност, односно на кој е извршен пробниот лет.

Член 4

Доколку персоналот исполнува услови за додаток на плата за вршење на специфична воена служба на посебните специјалности од особено значење за Армијата по повеќе основи според член 153 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, го остварува најповолниот додаток.

Член 5

Висината на додатокот на основната плата за вршење служба изложена на висок ризик за работа изложена на опасност по живот, можни повреди, заболувања и инфекции, во услови на влага, бучава, висина, прашина, зрачење, температура, чад, употреба на хемикалии, работа под земја, затворен простор без природно осветлување и други слични специфични потешки услови за работа чие дејство не може во целост да се отстрани со спроведување на мерки за безбедност и здравје при работа, во зависност од должноста и условите под кои се врши, изнесува:

1. I група - 60 бодови

- Изградба на подземни или подводни објекти во својство на дупчач, минер-запалувач на мини, натоварувач и нивни помошници;
- Цијанизација на објекти во состав на екипа за дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
- Работа и контрола на извори на зрачење со радиоактивни материи и рендген-уреди, како и зафати под непосредна контрола на рендген-уреди и
- Стоматолошки прегледи (стоматолози и стоматолошки техничари) и работа во својство на заботехничар во заботехнички лаборатории.

2. II група - 50 бодови

- Монтажа при изработка на подземни или подводни објекти, во својство на бетонирец, фарбар, лимар, бравар, заварувач и електричар;
- Чистење, ремонт и заштита на резервоари, цистерни, цевоводи и амбалажи за сместување и транспорт на течни погонски горива во свосјтво на работилници на погонски гранки и
- Работа врз делаборација, лаборација, подготовка и уништување на муниција, убојни и експлозивни средства.

3. III група - 40 бодови

- Манипулирање со течни погонски горива во подземни складови или работа врз тековно одржување на уреди и инсталации на погонски складови, како и работа во својство на погонски манипулант и механичар за противпожарна и погонска опрема
- Долгорочна конзервација на технички материјални средства во станица за конзервација;
- Работа во својство на пескар, автолакер и фарбар на работно место во фарбарница, автофарбар,
- Работа во хемиски чистилници или уреди за одмастување на делови и склопови со хлорирани јаглеnoводороди и со натриумхидроксид;
- Дезинфекција, дезинсекција и дератизација со отровни хемиски материи, освен цијанизација;
- Работа во микробиолошки, вирусолошки и паразитолошки лаборатории со вируси и живи патогени микроорганизми, земање и анализа на крв во лаборатории во установа за трансфузија на крв, како и миење на лабораториски прибор и амбалажа на споменатите работни места;
- Хемодијализа;
- Преглед и лекување на заболени, заразни, гастроентеролошки, уролошки, колени, полови, туберколозни и психијатриски заболувања;
- Оперативни зафати, реанимација, интензивно лекување и нега во воено здравствени установи на хируршките и интерните одделенија;
- Непосредна анестезија и реанимација во воени хируршки здравствени установи каде што се применува анестезија со интубација и непосредни оперативни зафати;
- Работа со лешеви и подготовка на хистолошки препарати во специјализирани здравствени установи и миење на садови од земени ХИСТОЛОШКИ препарати;
- Работа со заразени и контаминирани опитни животни и чување на такви животни;
- Утврдување на штетни фактори кои дејствуваат на човечкиот организам на работни места со посебни услови на работа;
- Одржување и поправка на технички средства во подземни објекти;
- Испитување на реактивни, бензински и дизел мотори на пробна маса каде не постои сува комора;
- Хемиски анализи на лекови, вода, животни намирници и биолошки материјал, како и миење на лабораториски прибор и амбалажа;
- Преглед, интервенции и испитувања кај живи и умрени животни во воени единици, ветеринарски и други научно - истражувачки установи;
- Ракување со цистерни за фекалии и оџачари и
- Превоз на пациенти во воено медицински возила во услови на прогласена епидемија.

4. IV група - 30 бодови

- Неспосредна работа во полето на микробраново зрачење чијшто интензитет преминува 0,1 миливат/см2;
- Опслужување и техничко одржување во затворени простории на бензински и дизелмотори чијашто вкупна мојност преминува 73,6 киловати;
- Непосредна работа со пестициди во специјализирани лаборатории, како и миење на лабораториски прибор и амбалажа во тие лаборатории;
- Хемиско испитување, истражување и развој на минско експлозивни средства;
- Работа со органски растворувачи и други материи за физичко обезбедување на криптодокументи и вршење на работи и задачи во криптозаштита;
- Работа во својство на стаклодувач, бравар, металостругар, металоглодач, автофарбрар, автолимар, автотапетар, зидар, молер, лимар, ковач, брусач и заварувач,
- Собирање и палење на оперативно отстранети органи и друг инфективен материјал;
- Поправки и одржување на канализација;
- Работа на бронхоскопија, ларингоскопија и спирометрија;
- Работа на опслужување и одржување на воздухоплови на стојанки;
- Преглед и лечење на заболени од: хируршки, интернистички, детски, ОРЛ и очни заболувања, итни лекарски и противепидемиски интервенции и анкетирање на заразени болни;
- Работа на стерилизација на болнички материјал во здравствени установи, прием на алишта од болни и бербери кои директно доагаат во контакт со заразени болни;
- Работни места со изложеност на нејонизирачки зрачења, парафински и хлорни испитувања, изработка на галенски препарати и инфузиони раствори и
- Опслужување, одржување и поправка на парни котли во термоенергетски постројки;
- Формирање и полнење на акумулатори во акумулаторска станица или лабораториско испитување на хемиски извори на струја.

5. V група - 20 бодови

- Во подземни објекти на работи што не се опфатени со точките 1., 2., 3. и 4, на овој член;
- Прием, издавање и складирање на течни горива во сервисни станици и т сервиси;
- Вулканизација на гумена техничка опрема;
- Долгорочна конзервација во технички работилници;
- Препечатување, офсет-печатење (офсет-машинисти и вложувачи), бакропечатење, книгопечатење и копирање врз метали, пластични маси и хартија;
- Дресирање на кучиња;
- Во својство на оптичар за изработка и поправка на оптички инструменти;

- Работа со нитро бои, лепила и лакови во интендантски работилници, столарски работилници, чевларски работилници, сервиси за одржување на објекти, инсталации и инфраструктура, како и одржување на апарати со токсични и запаливи гасови и соединенија и

- Работа во услови на испарувања и влажност преку во перални и кујни во воени установи и единици.

Член 6

Висината на додатокот на плата за вршење трупна служба во единици заклучно со бригада во зависност од должноста, изнесува:

1. Во 1. пешадиска бригада:

1.1. I група - 90 бодови
- командир, тим - специјалист.

1.2. II група - 80 бодови
- командант на единица заклучно со ранг бригада и на неа соодветна единица, заменик на командир на единица.

1.3. III група - 75 бодови
- началник на штаб и заменик на командант од II група,
- командант на единица од ”В” класификација,
- главен подофицер во бригада.

1.4. IV група – 70 бодови
- други формациски места за воени старешини во 1. пешадиска бригада.

1.5. V група – 40 бодови
- други формациски места за професионални војници во 1. пешадиска бригада.

2. Во другите единици заклучно со бригада:

2.1. I група - 60 бодови
- командир, тим - специјалист.

2.2. II група - 50 бодови
- командант на единица заклучно со ранг бригада и на неа соодветна единица, заменик на командир на единица

2.3. III група - 45 бодови
- началник на штаб и заменик на командант од II група,
- командант на единица од ”В” класификација,
- главен подофицер во баталјон.

2.4. IV група - 40 бодови
- други формациски места во командите и единиците наведени во I и II група.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престануваат да важат Правилникот за утврдување на посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Македонија, работните места ( должностите) и висината на износот на додатокот на платата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/03, 79/03, 34/05, 81/07 и 41/10), Правилникот за определување на специфичните должности на цивилниот персонал од особено значење за Армијата на Република Македонија, работните места (должности) и висината на износот на додатокот на плата на лицата со посебни специјалности од особено значење за ракување и одржување на борбената техника и вооружувањето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/11 и 136/13), Правилникот за утврдување на висината на додатокот на плата за вршење на специфична воена служба на наставно-научен, наставен и соработнички персонал на Воената академија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 91/12), Правилникот за висината на додатокот на плата за вршење на специфична воена служба на припадниците на специјалните единици на Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/15), Правилникот за висината на додатокот на плата за вршење на служба на летачи и друг летачки персонал и воздухопловно технички персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија, во зависност од условите под кои се вршат должностите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/20), Правилникот за висината на додатокот на плата за вршење на специфична воена служба на персонал со посебни специјалности од особено значење за Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/20) и Правилникот за висината на додатокот на плата за вршење на специфична воена служба на медицински персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/20 и 116/20).

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 8

Воениот и цивилниот персонал кој ги прима додатоците на плата од членовите 153, 154 и 155 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија до денот на влегувањето во сила на овој правилник, продолжува да ги прима истите се додека ги извршува должностите за кои следуваат додатоците на плата од наведените членови, се до моментот на поставување на должностите од овој правилник, отког а започнува да ги прима додатоците согласно овој правилник.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2023 година.

Бр. 01-82/1
3 јануари 2023 година
Скопје

Министерка за одбрана,
**Славјанка Петровска,** с.р.